# ОДГОВОР

## на забелешки од Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Финансирање на високото образование на јавните универзитети

На Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Финансирање на високото образование на јавните универзитети добиени се забелешки од министерот на Министерството образование и наука под број 20-7975/2-10 од 13.01.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22– 91/1 од 16.01.2012 година.

Нацрт извештајот до субјектите е доставен на 14.12.2011 година и се однесува на извршена ревизија на успешност - Финансирање на високото образование на јавните универзитети.

Забелешките на Нацрт ревизорскиот извештајот се дадени во форма на објаснувања и известувања за постојните состојби и актуелните активности на министерството по истите, кои се разгледани и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот и затоа формулациите по одредени наоди, состојби и препораки остануваат исти и во Конечниот извештај, за што го даваме следното објаснување:

1. Забелешката на препораката која се однесува на ревизорскиот наод во **точката 3.3.** во Нацрт Извештајот **не се прифаќа**. Препораката на ревизијата по однос на овој наод е во контекст на потребата од постоење на внатрешни механизми за контрола на примена на членот 87-а, односно следење на наменското користење на средствата од партиципација и кофинансирање утврдена во висина од 40%, од вкупно остварените приходи. Со оглед дека имплементација на оваа законска одредба започнува од месец септември 2010 година ревизијата го имаше предвид истото и го нагласи во ревизорскиот извештај. Констатацијата на МОН дека ревизијата во давањето на препораката не ги зела предвид извештаите за работа на ректорите на јавните универзитети не ја прифакаме, бидејки ги имавме превид овие извештаи за периодот 2008–2010 година[1] и утврдивме дека во

[1]Извештај за работата на Ректорот и УКЛО во академската 2009-2010 година бр. 07-402/1 -1 од 28.03.2011 година ; Извештај за работата на Ректорот и УИСТ за периодот 1.08. 2009-10.11 2010 година бр. 03-1620/1 од 15.11.2010 година; Извештај за работата на Ректорот и ДУТ за академската 2009-2010; Извештај за работата на Ректорот и УКИМ за периодот 01.10. 2009-30.09. 2010 година;

нив се содржани податоци за работењето на јавните универзитети во повеќе области на работа кои не влијаат врз изразување на ревизорскиот наод и препорака.

2. Забелешката на ревизорскиот наод во **точка 1.2.** на страна 29 и 30 од Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на објаснување за превземените активности на МОН за формирање на Советот, **не се прифака,** имајки предвид дека се дадени точни видувања кои произлегуваат од поткрепувачката документација за предложените членови од институциите меѓу кои се и претставници од Ректорската конференција, организација на работодавачите и студентите за кои во Вашето известување се вели дека не се добиени предлози за избор на членови. Документацијата која ја добивме од Секторот за високо образование при МОН на РМ го потврдува спротивното.[2]

3. За ревизорскиот наод во **точка 1.1.** на страна 27 и 28 од ревизорскиот извештај, МОН дава известување за неговите активности на планот на подготовка на предлог Програма за високообразовна дејност кое не упатува на забелешка и не влијае на промена на ревизорскиот наод и други дополнителни информации за креирање нов модел за финансирање на високото образование. Образложениeто е дадено без поткрепувачка документација која би била во прилог на надминување на состојбата утврдена со ревизијата.

4. Забелешката за препораката по ревизорскиот наод во **точка 4.1**. на страна 45 и 46 од ревизорскиот Нацрт извештај, која се однесува на нецелосна кадровска екипираност со инспектори за високо образование во Државниот просветен инспекторат во однос на предвидениот број со актот за систематизација на МОН (за работни места кои се однесуваат за ДПИ[3]), **не се прифаќа.** Во прилог на ова е и фактот што согласно Законот за просветната инспекција, ДПИ врши надзор над примената на законите со кои се уредува високообразовната дејност. Во тој контекст, потенцираме

[2] Документација добиена од МОН - Сектор за високо образование: Пречистен текст на Одлука за избор на членови во Советот донесена од страна на Ректорската конференција на јавни универзитети во Република Македонија бр. 19 – 567 од 13.08.2010 година и архивски број на МОН на РМ 12 5872/1 од 18.08.2010 година, Организација на работодавачи на Македонија – бр. 03-20 од 01.09.2010 година со архивски број на МОН на РМ бр. 12 5467/3 од 07.09.2010 година и Известување од Националната студентска унија на Македонија бр. 12 5470/4 од 24.09.2010 година .

[3] Правилник за систематизација и организација бр. 01-4643/1 од 02.07.2010 година

дека одредбите на ЗВО кои се однесуваат на финансирање на високото образование имаат директно влијание на нашата цел, а ревизијата ги опфаќа сите аспекти на финансирање на високото образование на директен или индиректен начин.

5. Укажувањето на МОН за опфатот на ревизорскиот извештај во врска со ревизорскиот наод во точка 4.2. на страна 46 и 48 од Нацрт ревизорскиот извештај **не се прифаќа** бидејќи се однесува на надлежностите на Одборот за акредитација и евалуација, а ревизорскиот наод се однесува само на работата на Одборот за акредитација, со оглед дека за време на вршење на ревизијата, Агенцијата за евалуација е посебно тело кое не беше формирано, што е наведено и во ревизорскиот извештај и во Прилогот 1 - опфат и методологија, страна 54 од Нацрт извештајот. И покрај тоа, ревизијата ги имаше предвид Извештаите за самоевалуација на јавните универзитети каде таа е извршена.[4], а кои се предмет на разгледување на Агенцијата.

   Во точката 4.2. од ревизорските наоди на страна 46, 47 и 48 детално се наведени активностите и правните акти по кои Одборот за акредитација ги извршува утврдените надлежности во ЗВО, особено во делот на кој начин се акредитираат студиски програми во услови кога не е формиран Советот за развој и финансирање на високото образование кој дава мислење за потребата и можноста за финансирање на истите.

[4] Извештај за самоевалуација на УКИМза периодот 2006/07- 2009/10; Извештај за самоевалуација на УГД за периодот 2007- 2010; Извештај за спроведена студиска